**Вклучување на нови точки во Дневниот ред**

Акционерите, кои поединечно или заедно поседуваaат најмалку 5% од вкупниот број акции со право на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки, ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка.

Барањето со образложение или предлог одлука се доставува во писмена форма во оригинал, со пополнето целосно име и презиме и своерачен потпис на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер правно лице.

Заедно со барањето, акционерот задолжително треба да приложи и соодветни документи за идентификација, и тоа:

А. За акционер физичко лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена; и
- Копија од лична карта или пасош.

Б. За акционер правно лице се приложува:

- Извод од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите, во оригинал, не постар од три дена;
- Последна тековна состојба од Централнниот регистар во оригинал не постара од седум дена; и
- Копија од лична карта или пасош на законскиот застапник.

Барањето заедно со документите за идентификација мора да биде примено во МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп најдоцна до 04 мај 2026 година (понеделник), до 16:00 часот.

Адреса на која се доставува барањето:
МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп
Леце Котески бр.60А, 7500 Прилеп
Одбор на Директори
Со назнака "за Годишно Собрание на акционери"